РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-16/2
03.04. 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 27. седница одржана на 28.02.2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиска програма Студиска програма за додипломски студии прв циклус тригодишни студии на Факултет за правни науки при Прв приватен ФОН универзитет - Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **Студиска програма за додипломски студии прв циклус тригодишни студии на Факултет за правни науки при Прв приватен ФОН универзитет - Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Правник,** научно-истражувачко подрачје: 5 Општествени науки, научно истражувачко поле: 508 Правни науки и друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен ФОН универзитет - Скопје, за организирање прв циклус тригодишна студиска

програма Студиска програма за додипломски студии и одлуката на Ректорска управа на Прв приватен ФОН универзитет - Скопје на 28.01.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 26. седницата одржана на 31.01.2014 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 27. седница одржана на 28.02.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Зехра Хајрулаи